**Грижа во заедницата за деца со попреченост и нивните семејства**

Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија со финансиска поддршка на УНИЦЕФ и Британската амбасада од август 2019 започна со реализација на проектот ***Грижа во заедницата за деца со попреченост и нивните семејства*** чија главна цел е обезбедување услуги во заедницата на деца со попреченост и нивните семејства преку воспоставување на нови форми на услуги - рана интервенција за деца со попреченост од 0 до 6 години и психосоцијална поддршка на нивните родители/старатели, со дополнителна можност за остварување на услугата помош и нега во домот за деца на возраст од 6 до 18 години со тешка и најтешка интелектуална попреченост, односно комбинирана попреченост и комплексни проблеми.

Како дел од проектните активности планирано е отворање на **Центар за рана интервенција и поддршка на деца со попреченост и нивните семејствата** кој ќе биде наменет за деца од 0 до 6 години кај кои се забележуваат доцнења во развојот и/или попреченост. Во Центарот ќе се реализираат следниве активности:

- проценка на потребите на децата за рехабилитација и проценка на потребите на семејството за поддршка;

- индивидуална и групна работа со деца (третмани и интервенции);

- индивидуална и групна работа со родители (давање психосоцијална поддршка).

Стручните лица ќе направат проценка на потребите на децата за рехабилитација, како и проценка на потребите на семејството за поддршка. Потоа ќе се реализираат индивидуални третмани и интервенции на децата во кои ќе бидат вклучени и родителите. Дополнително родителите преку едукација, советодавна работа и поддршка ќе ги развијат сопствените капацитети како би можеле да обезбедат когнитивно, стимулирачко и емоционално поддржувачко опкружување со силен фокус на промовирање на позитивни социјални и емоционални интеракции помеѓу родителите и децата, што ќе ја подобри партиципацијата на децата во семејствата, но и во поширокото окружување во заедницата.

Се повикуваат родителите на деца со одредени задоцнувања во развојот, односно утврдена попреченост, да добијат услуга на рана интервенција од страна на стручни лица, обучен мулти-дисциплинарен тим: специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, физиотерапевт, психолог-психотерапевт и неговател, кои ќе применуваат трансдисциплинарен пристап. Раната интервенција ќе овозможи децата да добијат специјализирана поддршка и услуги кои го стимулираат нивниот развој, преку реализација на активности за развој на вештини, способности и компетенции и создавање на стимулирачка и средина во која ќе се чувствуваат безбедно и сигурно.

Исто така се повикуваат родителите на деца на возраст од 6 до 18 години со тешка и најтешка интелектуална попреченост, односно комбинирана попреченост и комплексни проблеми, со цел остварување на услугата помош и нега во домот.

Сите заинтересирани родители потребно е да се јават на тел.074/222148 и да закажат средба со стручните лица. Услугите се целосно бесплатни!